# Следувања и бенефити – Лимитиза приход и имот



We speak your language ☎ 13 1202*

*Allowances and Benefits – Income and Assets Tests* – **Macedonian**

Лимити за приход и имот за следувања и бенефити важат за Newstart Allowance, Special Benefit, Partner Allowance, Widow Allowance, Sickness Allowance, Mature Age Allowance and Parenting Payment кои се исплаќаат на клиентите партнери. Клиентите кои добиваат Single Parenting Payment треба да ја прочитаат брошурата *Пензии – лимит за приход и имот (Pensions – Income and Assets Tests).*

## Табела за имот за следувања и бенефити

| **Лимит за имот** | **Не следува плаќање ако вашиот имот е поголем од*** |
|---|---|
| Самец/а, сопственик на стан/куќа | $166 750 |
| Самец/а, не поседува стан/куќа | $287 750 |
| Двојка, сопственици на стан/куќа | $236 500 (здружено) |
| Двојка, не поседуваат стан/куќа | $357 500 (здружено) |

* Ограничувањата на имотот се исти како и лимитот на имот за пензии. Онаму каде не се надминуваат ограничувањата, плаќањата се извршуваат според лимитот за приход. Може да има олеснувања за лица во тешка ситуација.

## Лимит за приход

И лицата самци и секој член на двојка кои примаат следувања може да заработат до $62.00 на две недели без нивните плаќања да бидат погодени. Плаќањата се намалуваат за 50 центи за секој долар приход помеѓу $62.00 и $250.00 на две недели. Секој долар на приход над $250.00 на две недели ги намалува плаќањата за 60 центи. Посебните бенефити немаат слободен износ, бенефитот се намалува за еден долар за секој долар заработен.

**Сите податоци се важечки почнувајќи од 1. јануари 2008.**

За да зборувате со Centrelink на македонски јазик, телефонирајте на **13 1202***. Информации на вашиот јазик можете да најдете на Интернет страните на **www.centrelink.gov.au**

* Повиците од вашиот домашен телефон на броевите во Centrelink кои почнуваат со "13" се наплаќаат по различна цена, во зависност од вашиот доставувач на телефонски услуги. Повиците на броевите кои почнуваат со "1800" од вашиот домашен телефон се бесплатни. Повиците од јавни телефонски говорници или мобилни телефони се наплаќаат по повисока цена.